РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0901-115/1-5
08.11 2021 год.

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2022 ГОДИНА

Дел Бр. 0901-115/1-5

Датум: 08.11.2021
Место: Свети Николе

Даниела Панева

Раководител на одделение за

инспекциски надзор

## Резиме

Врз основа на член 33 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/2019), Раководителот на инспекциската служба донесува Годишен план за работата на инспекциската служба, односно одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе најдоцна до крајот на тековната година за наредната година, односно за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, кој се објавува на веб страната на општината.

Во Годишниот план се презентирани активностите на одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе кои ќе бидат превземени во текот на една година, а со цел исполнување на законските обврски за вршење на инспекциски надзор во областите од надлежност на општина Свети Николе, согласно со постоечката законска регулатива и евентуалните измени и дополнувања на постоечките акти, доколку бидат направени.

Одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе врши :

-инспекциски надзор над спроведување и почитување на обврските утврдени со законот за инспекциски надзор и другите прописи и одлуките на Општина Свети Николе,

-покренува постапки пред надлежните органи и судови,

-донесува решенија и други акти во вршењето на инспекцискиот надозр,

- покренува и врши анализа на одредени состојби во општината и

-дава предлози до Градоначалникот и Советот за нивно разрешување.

## Анализа на ризици

Заради специфичните работи на секоја инспекција во рамките на одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе постојат ризици, а анализата на ризиците е дадена во делот "Инспекциски надзор", за секоја област посебно одредена проценка на ризици.

## Организација и раководење

Во Одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе утврдени во систематизацијата се пет **(5) работни места и (5) извршители се вработени.**

Од вработените извршители (4) се лиценцирани инспектори,(1) е кандидат за инспектор од 2021 година. Во 2021 година се поведе процедура за новото вработување за уште едно лице(самостоен инспектор за животна средина), постапката за ново работно место беше поведена според потребата од дополнување на кадар во областа на животна средина . Заклучно со новото вработување, сега имаме (100% од одделението за инспекциски надзор е потполнето).

Сите вработени инспектори и кандидати за инспектори се административни службеници и истите се со завршено високо образование соодветно за областите во кои работат.

Организационата поставеност, ситематизираните работни места и бројот на вработените во Одделението се соодветни и доволно за ефикасно остварување на законските обврски и надлежности коишто се покриени од страна на инспекторите.

Одделението за инспекциски надзор, во текот на 2022 година, планира ефективно и ефикасно да ги исполни своите обврски и надлежности согласно законските области кои ги покриваат.

**Систематизирани работни места во одделението за инспекциски надзор се следни:**

1. **Раководител на одделение за инспекциски надзор – Виш инспектор.**

   Раководителот во рамки на своите надлежности има за цел: Раководење со работата на вработените инспектори во одделението, развивање и обединување на политиките во рамките на делокругот на одделението за инспекциски надзор.

Како работни обврски на раководителот се следните задачи:

- Давање стручна помош и совети на вработените инспектори во одделението за инспекциски надзор;
- Грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението;
- Подготовка на месечни планови за работа на инспекторите
- Подготовка на годишен план (програма) за работа на одделението;
- Подготовка на на полугодишен и годишен извештај за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението;
- Давање предлози за политики по начелни прашања од делокруг на одделението;
- Поведува иницијативи за решавање на одделни прашања или проблеми во делокруг на одделението.

- Соработува со други инспекциски служби, работни тела , институции, организации, агенции и други заинтересирани страни на локално и национално ниво.

-Вршење инспекциски надзори според потребите на општината, согласно ЗИН (мин 35 % од месечнот работно време, вршење инспекциски надзори) согласно квалификациите кои ги поседува како инспекто со лиценца во областа на патниот сообраќај, но исто така заедно со инспекторите за животна средина комунални работи вршеше вонредни инспекциски надзорни посети од областите за кои им компетентности .

**Општински инспектор за патен сообраќај** е **истото лице кое е и раководител** на одделението за инспекциски надзор-виш инспектор.

Општинскиот инспектор за патен сообраќај е лиценциран инспектор и постапува согласно законските одредби од Законот за инспекциски надзор и Законот за превоз во патниот сообраќај.

Општинскиот инспектор за патен сообраќај спроведува активности околу вршењето на превозот во јавниот сообраќај/ општински јавен превоз и автотакси превоз во патниот сообраќај согласно материјалните законски одредби.

Ја следи состојбата со договорениот општински посебен превоз на ученици дали се одвива според договороти врши надзор над превозниците кои го вршат превозотна ученици.

Врши надзор на автотакси превозниците и води постапка според закон доколку станува збор за нелиценцирани авто такси превозници.

Врши надзор и врз општинскиот линиски превоз од и до руралните средини, воведен од Октомври 2019 година, дали се редовно реализира превозот според одредените линии со Одлука на Совет усвоени и презема мерки за поквалитетно услужување на патниците како корисници во патниот сообраќај.

Соработува со ПС Свети Николе во однос на заедничко вршење на инспекциски надзор како помош/асистенција од полиција.

Соработува и со други општински инспектори за патен сообраќај и разменува мислење во однос на примената на новите законски одредби.

## 2.Комунален инспектор

Комуналниот инспектор при општина Свети Николе врши надзор врз основа на утврдените надлежности со Законот за комунални дејности, Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување, Законот за јавна чистота, Законот за гробишта и погребални услуги, Законот за доведување на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, а надзорот го врши во согласност со Законот за локалната самоуправа, Законот за инспекциски надзор, Законот за општата управна постапка, Законот за прекршоците и други законски и подзаконски акти.

Во рамките на своите надлежности комуналниот инспектор врши постојан надзор над спроведувањето и придржувањето кон одредбите од горенаведените закони.

Освен инспекциски надзор комуналниот инспектор ги врши и следниве работи: Врши контрола над користењето на јавните површини за вршење дејност и има спроведено процедури за склучување на договори за вршење дејност на јавни површини во град Свети Николе.

---

## 3.Градежен инспектор

Градежниот инспектор врши инспекциски надзор над законитоста при изработка на проектна документација за изработка на објекти од втора категорија, издавањето на одобрение и решение, градење и надзор над градби од втора категорија во Општина Свети Николе, согласно позитивни законски прописи и општи акти на државата.

Во рамки на своите ангажмани градежниот инспектор врши инспекциски надзор во согласност со законските прописи и другите правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на изработката на проектната документација, издавањето на одобрение и решение за градење, градењето и надзор над градби од втора категорија, како што се: Закон за градење, Закон за инспекциски надзор, Закон за општа управна постапка, Закон за прекршоци, Закон за постапување по преставки и предлози, Закон за локална самоуправа, Закон за државни службеници, Закон за меѓуопштинска соработка и др.

Градежен инспектор ќе врши инспекциски надзор на градежни одобренија и решенија, какои и на објектитите кои се градат со Одобрение за градење или со Решение за градење, објекти кои се градат без Одобрение за градење или без Решение за градење издадено од Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, како и на правните субјекти кои ги изведуваат градежните работи и вршат надзор на истите. Инспекторот ќе врши контролен инспекциски надзор за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.

Исто така е должен да постапува согласно важечките закони, по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица за сторена повреда на Законот за градење при изведба на објект од втора категорија во Општина Свети Николе.

## 4. Инспектор за животна средина

Овластениот инспектор за животна средина врши инспекциски надзор врз основа на надлежните закони за животна средина како и прописите донесени врз основа на законите од областа на животната средина.

Во рамките на своите надлежности инспекторот за животна средина:

- Врши инспекциски надзор над одредени состојби согласно Законот за животна средина;
- Врши надзор на примената на мерките за заштита од штетни бучави;
- Врши надзор над примената на мерките за заштита од непријатни миризби во просторијата и околината каде што престојува и се движи човекот;
- При надзорот има право да утврди дали е добиена потребна еколошка дозвола утврдена со закон, да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план кога се работи со инсталација за која се издава потребна еколошка дозвола утврдена со закон;
- Прима поднесоци (барања, предлози, пријави, приговори, молби, жалби и др.) ги разгледува и одлучува по истите;
- Составува записник за константирана состојба при инспекцискиот надзор и донесува решение и заклучок;
- Поднесува барање за поведување прекршочна постапка, поднесува кривична пријава за сторено кривично дело согласно закон;
- При надзорот има право да утврди дали е добиена потребна еколошка дозвола утврдена со закон, да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план кога се работи со инсталација за која се издава потребна еколошка дозвола утврдена со закон;
- Води евиденција за извршените прегледи и контроли на правните и физичките лица;

Изготвува месечен план за работа и годишен извештај за извршениот инспекциски надзор и истиот го доставува до раководителот на одделението за инспекциски надзор.

## 5. Самостоен инспектор за животна средина

Кандидатот/ката -Самостоен инспектор за животна средина при Општина Свети Николе моментално е под менторство на раководителот на одделението и посетува обука за стекнување на лиценца. Согласно ЗИН, кандидатот/ка за инспектор нема да испаѓа сам/а и да врши инспекциски надзор се додека не се стекне со лиценца, но може да следи инспекциски надзори, заедно со инспекторот/ката за животна средина или менторката илиу пак друг лиценциран општински инспектор. Може да испаѓа заедно со нив на терен и следи како се врши инспекциски надзор се додека не добие лиценца.

За тој период, кандидатот/ка за инспектор, ќе следи обука една година, теоретски и практичен дел, ќе следи вршење на инспекциски надзори заедно со друг инспектор од одделението бидејќи согласно законските одредби е кандидат за инспектор и после соодветната законска постапка откако ќе се стекне со лиценца инспектор ќе може да врши самостојно инспекциски надзори.

**Табела 1.1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор по вид, звање и возраст**

| Вид | Комунален инспектор | | | | | | Инспектор за патен сообраќај | | | | | | Инспектор за животна средина | | | | | | Градежен Инспектор | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1-генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2-главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом.главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4-виш инспектор | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | | | | | | | | | | 1 |
| В1-советник Инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 3 |
| В2-самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | 1 |
| В3-помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4-помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | 1 | | | | | | 1 | | | | | | 2 | | | | 1 | | 5 |

Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

Општина Свети Николе **нема** во план за 2022 да вработи нов кандидат за инспектор во одделението за инспекциски надзор во областа на животната средина

| Вид | Комунален инспектор | | | Инспектор за животна средина | | | Инспектор за патен сообраќај | | | Градежен Инспектор | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1-генерален инспектор | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | |
| Б2-главен инспектор | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | |
| Б3-пом.глав.инспектор | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | |
| Б4-виш инспектор | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | |
| В1-советник инспектор | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | |
| В2-самостоен инспектор | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | |
| В3-помошник инспектор | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | |
| В4-помлад инспектор | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | |
| Вкупно | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | |

| Вид | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1-генерален инспектор | 0 | 0 | 0 |
| Б2-главен инспектор | 0 | 0 | 0 |
| Б3-пом.глав.инспектор | 0 | 0 | 0 |
| Б4-виш инспектор | 0 | 0 | 0 |
| В1-советник инспектор | 0 | 0 | 0 |
| В2-самостоен инспектор | 1 | 0 | 0 |
| В3-помошник инспектор | 0 | 0 | 0 |
| В4-помлад инспектор | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 |

## 1. КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР:

Планот за работата на комуналниот инспектор за 2022 година ги опфаќа надлежностите на комуналната инспекција утврдени со материјалните законски и подзаконските акти и тоа:

- Законот за инспекциски надзор
- Законот за Локална Самоуправа
- Законот за општата управна постапка
- Законот за прекршоците - Закон за комунални дејности
- Закон за јавната чистота
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти
- Закон за гробишта и погребални услуги
- Закон за управување со пакување и отпадот од пакување
- Законот за урбано зеленило
- Одлука за комунален ред на општина Свети Николе, како и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените законски и подзаконски акти, кои ќе бидат донесени во текот на 2021 година а се во надлежност на комуналниот инспектор.

Планот опфаќа задачи и активности кои ќе ги извршува еден комунален инспектор во текот на 2022 година кој е систематизиран по областа во која работи за имплементација на материјалните закони и Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор,Законот за прекршоци и Одлуката за комунален ред.

**1.Инспекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Инспекциските надзори се вршат над работењето на Јавното комунално претпријатие ЈКП Комуналец Свети Николе, тоа во однос на:

- одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини во летен и зимски период
- редовна контрола на градилиштата во однос на излегување на камиони и други градежни машини од градилиштата.

- редовна контрола и дежурства на диви депонии и контроли заради палење на комунален отпад од страна на несовесни граѓани;
- контрола и учество во есенско и пролетно чистење на урбаниот дел од градот;
- расчистување на снег пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни стамбени згради;
- редовна контрола на угостителските објекти во однос на користење на
- јавна површина пред деловните простори;
- одржување и поставување на комуналните уреди и опрема;
- одржување на зеленилото на магистралните и собирни улици;
- одржување и користење на градските паркови, парк-шумите на
- подрачјето на спортско-рекреативни зони утврдени со ГУП;
- одржување на чистотата на јавните паркиралишта
- снабдување со вода за пиење
- одведување и испуштање на атмосферските води;
- контрола на одржувањето и чистење на сливниците за атмосферски води;
- одведување и пречистување на урбаните отпадни води;
- одржување на чистотата на гробиштата и на придружните објекти;
- контрола над работата на управителот на гробиштата, операторот на погребалните услуги и каменорезачите;
- одржување и користење на речните корита во урбаниот дел;
- одржување на чистотата на пазарот;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како корисници на комуналните услуги;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како даватели на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни преставки од физички и правни лица;
- водење на управни постапки;
- прием на странки.

**2. Обуки:**

Комуналниот инспектор ќе земе учество на едукативни работилници, семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони и подзаконски акти, односно следните специјализирани обуки:

- Законот за општата управна постапка,
- Законот за инспекциски надзор
- Законот за прекршоците
- Закон за комунални дејности
- Закон за јавната чистота
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти

- Закон за гробишта и погребални услуги
- Закон за управување со пакување и отпадот од пакување
- Законот за урбано зеленило

Комуналниот инспектор ќе земе учество на следниве генерички обуки:

1. Решавање на проблеми
2. Учење и развој
3. Комуникациски вештини
4. Постигнување резултати

**3. Проектни активности:**

Комуналниот инспектор во 2022 година, ќе учествува во реализација на разни активности чија цел е подобрување на чистотата во градот, подигнување на свеста на граѓаните и навремено и квалитетно извршување на услугите кои ги даваат јавните претпријатија.

**4. Аналитичко- информативна дејност:**

Комуналниот инспектор врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2022 година, како и во однос на наредните активности ќе се придржува кон :

- Месечни оперативни планови за работа за 2022 година;
Рок: контуинирано, 2022 година

- Месечни извештаи за работата на комуналниот инспектор за 2021 година;
Рок: контуинирано, 2022 година

- Шестмесечни извештаи за работата на комуналната инспекција за 2022 година; Рок: јули, 2022 година и јануари 2023година

- Учество во Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор за 2022 година; Рок: Декември, 2021 година

- Годишен извештај за работата на комуналниот инспектор за 2023 година; Рок: Февруари, 2023 година

**5. Соработка на Одделението за комунална инспекција:**

Комуналниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите инспектори од Одделението, другите служби во Општината, другите органи на државно и локално ниво, јавните претпријатија и пред сѐ со граѓаните на општина Свети Николе.

Рок: Континуирано во текот на 2022 година

**6. Нормативна дејност:**

Комуналниот инспектор по потреба, ќе земе учество со активности и

иницијативи за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сè со цел поквалитетно и поефикасно

спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Свети Николе.

## 7. Оперативна реонизација

Инспекцискиот надзор, Комуналниот инспектор ќе го врши на реонот на општина Свети Николе,т.е. во градот и селата, со цел следење на состојбата во општината.

## 8. Образложение:

Со изготвување на овој Планот за работа на комуналниот инспектор се предвидува превземање на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на комуналните дејности и подобрување на условите за живот на граѓаните во општина Свети Николе.

Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2022 година, по регион и општина - комунална инспекција

| Ред.б р. | Регион/ Општина | Вид на надзорот | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1. | Свети Николе | 0 | 10 | 10 | 20 | 10 |



Проценката на ризици во Одделението за комунална инспекција предвидува ниски до средни штетни последици со ниска зачестеност за повторување, односно, умерен ризик.

## 2. КОМУНАЛЕН РЕДАР:

Во изготвувањето на содржината на планот на комуналниот редар кој се однесува на 2022 година се наведени надлежностите на комуналниот редар кои се утврдени со:

- Закон за комунални дејности;
- Закон за јавната чистота;
- Одлука за комунален ред;
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања во надлежност на комуналните редари.

Задачите и активностите кои ќе бидат задолженија на комуналниот редар во текот на 2022 година, во рамките на Годишниот план се таксативно приложени започнувајќи со:

- редовен надзор на терен, обуки за имплементација на Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности, аналитичко- информативна дејност, соработка со Одделението за инспекциски надзор и комуналниот инспектор и другите органи на државно и локално ниво, завршувајќи со нормативната дејност. Програмата ќе се реализира со 1 комунален редар.

**1.Надзорни активности:**

Надзорните активности ќе се вршат како:

- редовни
- контролни и
- вонредени;

Надзорот се врши над физички лица согласно со Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности и тоа:

- на физичките лица како можни сторители на прекршокот им се изрекува мандатна казна.
- контрола на јавната чистота на јавните површини.
- контрола на расчистување на снег пред деловните објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради.
- контрола на чистотата на зеленилото покрај магистралните и собирни улици.
- контрола на чистотата во градските паркови, парк- шумите на подрачјето на општина Свети Николе, водите и спортско рекреативните зони.
- контрола на испуштање на атмосферски и отпадни води на јавни површини.

Надзорот ќе се врши на територијата на општина Свети Николе.

**2.Обуки:**

Предвидено е комуналните редари да земат учество на семинари, предавања и едукации во врска со имплементација на одредбите од Законот за јавната чистота, Законот за комунални дејности и др.

**3. Аналитичко- информативна дејност:**

Комуналниот редар во врска со спроведувањето на надзорот во 2022 година ќе изготвува месечни извештаи за реализираната работа

**4. Соработка на комуналниот редар со одделението за инспекциски надзор:**

Дел од задолженијата на комуналните редари е во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, контуинирано да соработуваат со Одделението за инспекциски надзор.

**5. Нормативна дејност:**

Во рамките на овој дел се планира комуналните редари да продолжат и со активностите за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, се со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Свети Николе.

**6. Образложение:**

Изготвувањето на овој Годишен план за работа во себе предвидува превземање на мерки за спроведување на Законот за јавна чистота, Законот за комунални дејности и Одлуката за комунален ред, а со тоа и подобрување на условите за живот на граѓаните на општина Свети Никол

## 3.1. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ

Согласно надлежностите во делот од Одделението кој се однесува за инспекција за патен сообраќај при изработката на содржината на Годишниот план за 2022 година во предвид се земени обврските кои ги имаат инспекторот за патен сообраќај согласно законските и подзаконските акти а тоа се:

- Закон за превоз во патниот сообраќај
- Законот за инспекциски надзор
- Законот за прекршоци
- Законот за локалана самоуправа
- Законот за општа управна постапка
- Одлуки за авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Свети Николе
- Одлука за јавниот општински линиски превоз на патници од руралните средини
- Одлука за јавниот посебен линиски превоз на учениците
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои ќе се донесат во 2022 година а се во надлежност на инспекцијата за патен сообраќај.

Целта на овој план е инспекторот за патен сообраќај во текот на 2022 година да бидат поуспешен при извршувањето на секојдневните активности согласно зададените задачи кои може да се систематизираат по области и тоа:

- Инспекциски надзор;
- Аналитичко – информативна дејност;
- Соработка со други Одделенија и Сектори и други органи на државно и локално ниво;
- Обуки и работни состаноци;
- Нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка како и Законот за инспекциски надзор.

**1.Инспекциски надзор:**

Инспекциски надзор ќе се врши како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Во одделението за инспекциски надзор има само еден инспектор за патен сообраќај, воедно и раководител на одделението за инспекциски надзор кој 35% од своето време ќе работи на терен како инспектор за патен сообраќај. Инспекторот ќе работи на територија на општина Свети Николе.

Инспекторот за патен сообраќај во 2022 година ќе работи согласно со регулативата која се однесува на законските надлежности како што се Законот за превоз во патниот сообраќај и Одлуките кои што произлегуваат од овој Закон, Законот за локалната самоуправа, Законот за општа управна постапка, Закон за прекршоци и Закон за инспекциски надзор.

Во таа смисла со инспекциски надзор ќе бидат опфатени сите области од делокругот на работа, а со цел доследно спроведување на прописите од страна на субјектите над кои се извршува надзорната функција.

Приоритет во 2022 година ќе бидат авто такси превозот и општиниски јавниот превоз за патници по руралните средини во општина Свети Николе. Со контрола на соодветната документација за вршење на авто такси превоз и санкционирање на сите оние кои вршат ваков вид на превоз на патници како и времено одземање на сообраќајните дозволи на сопствениците на возилата кои вршат авто такси превоз и општински јавен превоз на патници и возилата спротивно на законските акти.

За констатираните прекршоци инспекторите ќе изготвуваат записници, ќе донесуваат решенија во управна постапка, ќе поднесуваат барања за поведување прекршочна постапка, ќе донесуваат решенија за времено одземање на возилата кои вршат превоз на патници без лиценци, како и оземање на сообраќајна дозволи утврдено со Закон или давање предлог до Секторот за Сообраќај на Полициска Станица Свети Николе за одземање на дозволите за превоз или издадените лиценци.

Инспекцијата за патен сообраќај како и досега и во наредната 2021 година ќе продолжи со соработката која ја има со Министерството за внатрешни работи во делот на квалитетното извршување на своите работни обврски.

**2. Обуки:**

Инспекторите за патен сообраќај ќе земат учество на следниве генерички обуки:

1. Решавање на проблеми
2. Учење и развој
3. Комуникациски вештини
4. Постигнување резултати ,

И специјализирани обуки:

1.Обука за Законот за превоз во патниот сообраќај

2.Обука за Законот за инспекциски надзор
3.Обука за Законот за прекршоците

**3. Аналитичко - информативна дејност**

Инспекцијата за патен сообраќај ќе изготви:

- Годишен извештај за работата на Одделението за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта - Инспекција за патен сообраќај.
  **Рок: Февруари, 2022година**
- Месечни планови за работата на Инспекторот за патен сообраќај за 2021 година. **Рок: контуинирано секој месец во 2022 година**
- Шестмесечени извештаи за работата на Инспекциската служба за 2022 година; **Рок: Јули, 2022 година , Декември2022-Јануари2023**
- Годишен план за работата на Инспекциската служба за 2023 година.
  **Рок: Декември, 2022 година**

**4. Соработка на Инспекција за патен сообраќај:**

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработува со сите Одделенија и другите Сектори во општина Свети Николе, органите на државно и локално ниво, и пред се со граѓаните на општина Свети Николе.

**Рок** по потреба во текот на годината

**5. Нормативна дејност:**

Инспекторот за патен сообраќај ќе продолжи и со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на превозот на патници во

За извршените инспекциски надзори Раководителот на Одделението ќе ги ажурира податоците за активни и лиценцирани превозници на патен сообраќај во општина Свети Николе и ќе прави квартални извештаи за објава на веб страната на општината.

**6. Средства потребни за извршување на инспекциските контроли:**

Инспекцијата за патен сообраќај ќе го реализира овој План на територијата на Општина Свети Николе со 1 инспектор за патен сообраќај.

За спроведување на овој План потребни се и материјално- технички средства и други услови и тоа:

- **Возило-** потребно за извршување на теренските активности.

Период на реализација на оваа Програма: Јануари- Декември 2022 година.

## 7. Образложение:

Инспекцијата за патен сообраќај има голема улога во подобрувањето на условите на живеење на сите граѓани на општината од конкретната област. Со овој план за работа на инспекцијата за патен сообраќај на општина Светио Николе за 2022 година се предвидуваат сите активности и мерки кои ќе се превземаат во периодот Јануари – Декември 2022 година согласно сите законски и подзаконски акти, а со основна цел подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните во овој сегмент преку вршење на редовни контроли на целата територија на општината опфатена со ГУП.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2022 година, по регион и општина за инспекција за патен сообраќај**

| | | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Регион/ Општина | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
| 1. | Општина Свети Николе | 2 | 5 | 7 | 14 | 3 |

ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3



Проценката на ризици во инспекцијата за патен сообраќај предвидува ниско средни до средни штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување,односно умерен до значителен ризик во контролата на такси превозот каде што досегашната пракса покажала голема зачестеност во повторувањето на неправилностите кај одредени исти субјекти на надзор.

## 4.1 . ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Годишен План кој ќе го спроведе Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности на општина Свети Николе како дел од Програмата е обврска согласно Законот за инспекциски надзор.

При утврдување на содржината на Планот за работа на овластениот инспектор за животна средина и самостојниот инспектор за животна средина (откако ќе се стекне со лиценца) за 2022 година се имаа во предвид надлежностите на инспекцијата за животна средина утврдени со законските и подзаконските акти:

- Закон за инспекциски надзор;
- Закон за животна средина;
- Закон за општа и управна постапка;
- Законот за постапување по претставки и предлози;
- Законот за прекршоците;
- Законот за локална самоуправа;
- Закон за управување со отпад;
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување;
- Закон за амбиентален воздух;
- Закон за заштита од бучавата во животната средина;
- Закон за води;
- Закон за заштита на природата и
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои ќе се донесат во 2022 година, а се во надлежност на инспекцијата за животна средина.

Во Планот, задачите и активностите што ќе ги извршува овластениот инспектор за животна средина и според потребата од дополнителен кадар за уште едно вработување од обласста на животната средина-предвидено во текот на 2022 година се систематизира по област и тоа: инспекциски надзор, аналитичко-информативна дејност, соработка со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво, обуки и работни состаноци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци.

### 1. Човечки ресурси и надлежности

Во одделението за инспекциски надзор имаме само 1 инспектор за животна средина за извршување на реализацијата на годишните плански активности и еден кандидат за самостоен инспектор за животна средина, лице кое треба до крајот на Мај 2022 да ја заврши обуката и од 1ви Јуни 2022 да почне со полагање на испитот за инспектор за стекнување на лиценца.

## 2. Инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор се врши редовно или по добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање.

Овластениот инспектор за животна средина е овластен да врши инспекциски надзор, над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста на правните субјекти.

Инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор
- вонреден инспекциски надзор
- контролен инспекциски надзор

Посебно внимание се дава на следните аспекти:

- контрола на документација;
- контрола на суровини, материјали и енергии произведени или употребени од страна на правниот субјект;
- увид во простории како и на приватниот имот околу објектот кој е предмет на контрола;
- утврдување дали правниот субјект според активностите и видот на производство подлежи на издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на капацитетот на правниот субјект и производството по просечна вредност на квартална основа;
- утврдување дали правниот субјект според капацитетот утврден со Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошката дозвола, подлежи на А или на Б интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на податоци и опис на операторот и инсталацијата, како и податоци за суровините, материјалите и енергиите произведени или употребени во инсталацијата;
- утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации како и податоци за цврст и течен отпад во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување дали правниот субјект согласно дејноста која ја врши подлежи на изработување на елаборат за заштита на животната средина согласно

  уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината.

Врз основа на иницијатива или барање - пријава поднесена од државни органи, физички или правни лица а каде што се наведува дека има индиции за зголемено ниво на бучава, или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн. овластениот инспектор за животна средина повикува акредитирана лабораторија (избрана по пат на јавна набавка) за вршење на испитување на нивото на бучава како и нивото на загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн., за инсталациите од надлежност на овластените инспектори за животна средина на општината, да изврши мерење и во најкраток рок да достави технички извештај за извршеното мерење до овластенитот инспектор за животна средина, заради превземање на понатамошни со Законот предвидени мерки.

**Рок: контуинирано, 2022 година**

**3.Обуки**

Овластениот инспектор за животна средина и кандидатот за инспектор од истата област активно ќе се вклучат и ќе учествуваат на обуки, семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за управна постапка, Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор.

Во текот на 2022 година се планира учество на следниве генерички и специјализирани обуки:

1. Решавање на проблеми;
2. Учење и развој;
3. Управување со учинок и ефект
4. Комуникациски вештини;

1. Имлементација на одредбите од материјалното законодавство;
2. Закон за прекршоците

**4. Проектни активности:**

Инспекцијата животна средина за во 2022 година ќе учествува во реализација на разни активности чија цел ќе биде унапредување на животната средина во општина Свети Николе.

**5. Аналитичко- информативна дејност:**

Овластениот инспектор за животна средина ќе изготви:

- Годишен извештај за работата за 2021 година

**Рок: Јануари, 2022 година**

Во врска со работните задачи планирани за 2022 година инспекцијата за животна средина ќе ги почитува подготвените планови од раководителот на одделението;

- Месечни оперативни планови за работа;

  **Рок: Континуирано, 2022 година**;
- Месечни извештаи за работата;

  **Рок: Континуирано, 2022 година;**
- Шестмесечни извештаи за работата за 2022 година;

  **Рок: јули, 2022 година и јануари 2023 година;**
- Годишен план за работа за 2023година;

**6. Соработка на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности**

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработува со другите инспектори од одделението за инспекциски надзор, со другите одделенија и другите сектори во општината,органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред сé со граѓаните на општина Свети Николе. **Рок: по потреба во текот на годината**

**7. Нормативна дејност**

Овластениот инспектор за животна средина ќе продолжи и со активностите за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на овластените инспектори за животна средина, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

Основното подрачје на вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за животна средина е целокупната територија на општина Свети Николе утврдена согласно Генералниот урбанистички план.

За извршените инспекциски надзори изготвува месечен извештај и го доставува до Раководителот на одделението.

**8. Оперативна реонизација на територијата на општина Свети Николе:**

Инспекцискиот надзор ќе се врши во правните субјекти основани од општина Свети Николе.

**9. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности се предвидува превземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на животната средина и подобрување на условите за живот на граѓаните во градот.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2021 година, по регион и општина за инспекција за животна средина**

| Ред.бр, | Регион/ Општина | Вид на надзорот | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Свети Николе | 1 | 10 | 10 | 20 | 10 |

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**




При вршењето на инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на заштитата на животната средина на територијата наопштина Свети Николе, се очекуваат ниски до средни штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, умерен до значителен ризик, особено во контролата на инсталациите на Б интегрираните еколошки дозволи и емисии во воздух, вода и почва.

## 5.1. ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР:

Планот за работата на градежниот инспектор за 2022 година ги опфаќа надлежностите на градежната инспекција утврдени со материјалните законски и подзаконските акти и тоа:

- Законот за инспекциски надзор
- Законот за Локална Самоуправа
- Законот за општата управна постапка
- Законот за прекршоците
- Закон за градење
- Закон за просторно урбанистичко планирање
- Закон за административни службеници
- Закон за меѓуопштинска соработка
- Закон за постапување по преставки и предлози

- Одлуки на општина Свети Николе, како и други подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените законски и подзаконски акти, кои ќе

бидат донесени во текот на 2022 година а се во надлежност на гардежниот инспектор.

Планот опфаќа задачи и активности кои ќе ги извршува еден градежен инспектор во текот на 2022 година кој е систематизиран по областа во која работи за имплементација на материјалните закони и Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор, Законот за прекршоци , Законот за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање, закон за административни службеници, закон за постапување по преставки и предлози.

**1.Инспекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Градежен инспектор редовно ќе врши вонредни инспекциски надзори на:

- градежни одобренија и решенија, како и на објектитите кои се градат со Одобрение за градење или со Решение за градење,

-објекти кои се градат без Одобрение за градење или без Решение за градење издадено од Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, како и

-на правните субјекти кои ги изведуваат градежните работи и вршат надзор на истите.

Инспекторот ќе врши и контролни инспекциски надзори за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот или вонредниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.

Исто така е должен да постапува согласно важечките закони, по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица за сторена повреда на Законот за градење при изведба на објект од втора категорија во Општина Свети Николе.

**2. Обуки:**

Градежниот инспектор ќе земе учество на едукативни работилници, семинари, предавања, јавни трибини, јавни настани и он лајн настани , на едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони и подзаконски акти, односно на следните специјализирани обуки поврзани со материјата која ја работи Закон за градење

**1 –Закон за инспекциски надзор**

Тема 1.1 – Начела и организација

Тема 1.2 –Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 1.3 – Статус и вработување инспектор

Тема 1.4 – Планирање на инспекциски надзор

Тема 1.5 – Спроведување на инспекциски надзор

Тема 1.6– Затворање и документирање на инспекциски надзор

Тема 1.7 – Учинок на инспектор

Тема 1.8– Прекршочни одредби

**– Закон за просторно урбанистичко планирање**

Тема 2.1 – Начела и организација

Тема 2.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 2.3 – Прекршочни одредби

**– Закон за општа управна постапка**

Тема 3.1 – Начела и организација

Тема 3.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

**– Закон за прекршоци**

Тема 4.1 – Начела и организација

Тема 4.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 4.3 – Прекршочни одредби

**– Закон за постапување по преставки и предлози**

Тема 5.1 – Начела и организација

Тема 5.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 5.3 – Прекршочни одредби

**– Закон за локална самоуправа**

Тема 6.1 – Начела и организација

Тема 6.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 6.3 – Прекршочни одредби

**– Закон за административни службеници**

Тема 7.1 – Начела и организација

Тема 7.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 7.3 – Прекршочни одредби

**– Закон за меѓуопштинска соработка**

Тема 8.1 – Начела и организација

Тема 8.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 8.3 – Прекршочни одредби

**3. Проектни активности:**

Градежниот инспектор во 2022 година, ќе учествува во реализација на разни активности чија цел е усовршување на градежните работи.

**4. Аналитичко- информативна дејност:**

Градежниот инспектор врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2022 година, како и во однос на наредните активности ќе се придржува кон :

- Месечни оперативни планови за работа за 2022 година;
Рок: контуинирано, 2022 година

- Месечни извештаи за работата на градежниот инспектор за 2022 година;
Рок: контуинирано, 2022 година

- Шестмесечни извештаи за работата на комуналната инспекција за 2022 година; Рок: јули, 2022 година и јануари 2023година

- Учество во Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор за 2022 година; Рок: Декември, 2021 година

- Годишен извештај за работата на градежниот инспектор за 2023 година; Рок: Февруари, 2023 година

**5. Соработка на Одделението за градежна инспекција:**

Градежниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите инспектори од Одделението, другите служби во Општината, другите органи на државно и локално ниво, јавните претпријатија и пред сѐ со граѓаните на општина Свети Николе.

Рок: Континуирано во текот на 2022 година

**6. Нормативна дејност:**

Градежниот инспектор по потреба, ќе земе учество со активности и иницијативи за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сѐ со цел поквалитетно и поефикасно

спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Свети Николе.

**7. Оперативна реонизација**

Инспекцискиот надзор, Градежниот инспектор ќе го врши на реонот на општина Свети Николе,т.е. во градот и селата, со цел следење на состојбата во општината.

**8. Образложение:**

Со изготвување на овој Планот за работа на градежниот инспектор се предвидува превземање на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на градежните дејности и подобрување на условите за живот на граѓаните во општина Свети Николе.

Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2022 година, по регион и општина -градежна инспекција

| Ред.бр. | Регион/ Општина | Вид на надзорот | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1. | Свети Николе | 0 | 10 | 10 | 20 | 10 |




Проценката на ризици во градежната инспекција предвидува ниски до средни штетни последици со ниска зачестеност за повторување, односно, умерен ризик.

**Буџет и финансирање**

Финансиски средства за спроведување на надлежностите на одделението за инспекциски надзор за 2022 година, заедно со предвидените средства за едукативни обуки на инспекторите и кандидати за инспектори, семинари, конференции и регионални и национални средби, средствата за набавка на ХТЗ опрема како и набавка на индикативни мерни инструменти, користење на службено возило, за потребите на инспекцијата за животна средина се дел од буџетот на Секторот за општи и нормативно правни работи.

**Меѓународна соработка**

**Одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе** во наредната година ќе се обиде да се вклучи во меѓународни проекти со кои би се зајакнало одделението за да може соодветно да одговори на модерните предизвици.

**Други активности на инспекциската служба :**

Во 2022 година, откако се набавени мерни станици, ќе имаме можност за следење на квалитетот на воздухот и нивото на загадување.Исто така во текот на цела година можно е да бидат преземени дополнителни непланирани со овој план активности, предизивикани од вонредни и неопходни за преземање акција потреби, адаптирани во периодот на пандемија covid 19.

За 2022 година ќе се разгледа можноста и се иницира идеја како позитивна пракса од град Скопје со примена на следниве алатки.: примена на дронови, нови современи смарт алатки за висинско набљудување и контрола на теренот кои ќе придонесат за подобар увид на ситуацијата на терен, а со тоа и побрзо и полесно ќе се изнаоѓаат локациите со дивите депонии како и сторителите на бесправното одлагање на смет, градежен шут и слично, како и лоцирање на другите загадувачи на животната средина, а исто така се има и подобар увид на целата територија на општина Свети Николе што е во надлежност на делување на инспекцијата.

**СОДРЖИНА**

Резиме ...............................................................................
Анализа на ризици...............................................................................
Организација и раководење ...............................................................................
Систематизирани работни места...............................................................................
Табеларен приказ на број на вработени инспшектори...............................................
План за нови вработувања/пензионирања......................................................
Инспекциски надзор по Области: ...............................................................
1. КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА: ...............................................................
2. КОМУНАЛНИ РЕДАРИ: ...............................................................
3. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ ...............................................................
4. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА...............................................................
5. ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА: ...............................................................
Буџет и финансирање ...............................................................
Меѓународна соработка и други активности на одделението за инспекциски надзор........
Содржина на годишниот план...............................................................

+

Градоначалник

на Општина Свети Николе

_______________________

Дејан Владев